УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 55 став 1 точка 40 од Статутот на Градежниот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.419/2019), Наставно-научниот совет на Градежниот факултет на 529. седница одржана на 12.07.2023 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-2/140-377
20-07-2023 год.

# ОДЛУКА

за дополнување на Одлуката за затворање (згаснување) на студиски програми,
усвоена на 519. Седница на Наставно-научниот совет одржана на 28.09.2022 година
(арх, број 02-2/92-209 од 30.09.2022)

1. Студентите од 2 циклус на студии, кои се запишани на студиските програми кои се згаснуваат, и кои имаат одобрено тема за изработка на магистерски труд од Наставно – научниот совет на факултетот, согласно член 69 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.417/2019), имаат рок од 1 година, сметано од денот на одобрувањето на темата на магистерскиот труд, да го изработат и да го предадат магистерскиот труд.
2. Студентите од 1 циклус на тригодишни студии, кои за прв пат се запишани на факултет во учебната 2017/2018 година, согласно член 31 од Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр.622/2022) можат да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале заклучно со третата (последна) испитна сесија предвидена за предметите запишани во летниот семестар во учебната 2022/2023 година. По истекот на овој рок студентите може да ги продолжат студиите по студиската програма која се применува.
3. Преминувањето од претходната, на студиска програма која се применува, се врши врз основа на припадност кон одредена студиска година, која е дефинирана согласно член 17 од Одлуката за правила на студирање.
4. Во учебната 2023/2024 година, доколку студентот припаѓа во I студиска година, ги продолжува студиите според студиските програми акредитирани во академската 2023/2024 година. Доколку, студентот припаѓа во II и III студиска година, ги продолжува студиите според студиските програми акредитирани во академската 2018/2019 година.

ДЕКАН,

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје, Република Северна Македонија, ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Проф. д-р Горан Марковски

Доставено до
- Одделението за студентски прашања
- Архива
- Продекан за настава
- Продекан за наука и меѓународна соработка